## 24-ти март, Светски ден на Туберкулозата: „Часовникот отчукува”




Секоја година, на 24 март, низ целиот свет се одбележува Светскиот ден на туберкулозата (ТБЦ) со цел да се поздрават досегашните успеси и достигнувања, но истовремено и да се подигне јавната свест за катастрофалните здравствени, социјални и економски последици од ТБЦ, како би ги засилиле напорите на индвидуите и општеството за крај на глобалната епидемија на ТБЦ.

Годинешното мото ,,**Часовникот отчукува**,, симболично потсетува на обврската на светот да постапи во правец на забрзано достигнување на целите утврдени во Целите за одржлив развој, обврските од Московската декларација за ставање крај на ТБЦ и политичката декларација на состанокот на ООН за ТБЦ. Во контекст на пандемијата COVID-19, се доведува во опасност напредокот на остварување на стратегиите за крај на ТБЦ.

Сепак на глобално ниво:

- 63.000.000 животи се спасени благодарение на глобалните напори за крај на ТБЦ од 2000 година до сега;
- 10.000.000 луѓе се разболеле од ТБЦ во 2019 година;
- 1.400.000 починале од ТБЦ во 2019 година;
- 465.000 луѓе се разболеле од ТБЦ отпорна на антибиотици, во 2019 година...

Датумот го одбележува денот во 1882 година кога д-р Роберт Кох објавил дека ја открил бактеријата што предизвикува ТБЦ, што го отвори патот кон дијагностицирање и лекување на оваа болест.

- ТБЦ е предизвикана од бактерии Mycobacterium tuberculosis, кои најчесто ги напаѓаат белите дробови, но може да биде засегнат било кој орган од човечкото тело.
- ТБЦ се лекува и може да се спречи.
- ТБЦ се шири преку воздухот, при кивање, кашлање, плукање на лице заразено со белодробна туберкулоза. Едно лице треба да вдише само неколку од овие микроби за да се зарази.

Изготви:

Извор: www.who.int

Д-р Даниела Чингоска
Одделение за Социјална медицина